Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА**
**ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ОД**
**ПОСТОЈАНА И ТЕКОВНА РЕЗЕРВА**

1. Се објавува Одлуката за користење на средствата од постојана и тековна резерва, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 20 декември 2022 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-7567/27**
**од 22 декември 2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 31 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и "Службен весник на РСМ" бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на деветнаесеттата седница одржана на 20 декември 2022 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ОД ПОСТОЈАНА И ТЕКОВНА РЕЗЕРВА**

**Член 1**

Со оваа одлука се одобрува користење и распределба на средствата утврдени во Буџетот на општината во рамките на резервите и тоа:

- За исплата на износите на постојана и тековна резерва, но најмногу до 50.000,00 денари во поединечни случаи одлучува и ги извршува Градоначалникот, при што во износот не влегува персоналниот данок на доход,

- За исплата на износите на постојана и тековна резерва над 50.000,00 денари во поединечни случаи, одлучува Советот на Општината Гази Баба, а ги извршува Градоначалникот.

**Член 2**

Под непланирани односно непредвидени расходи, се подразбираат расходи настанати од елементарни непогоди предизвикани од виша сила (поплава, пожар, земјотрес, суша, град и слично) помош при лекување, издавање книги, разни спонзорства, хуманитарни потреби, комеморации и други недефинирани трошоци кои не се предвидени во Буџетот на Општина Гази Баба за 2023 година.

**Член 3**

За трошење на средствата од членот 1 од оваа одлука, надлежен е Градоначалникот на општината.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-7454/29**
**од 20 декември 2022 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**